Национална Установа ТУРСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ
Milli Kurum TÜRK TİYATROSU - ÜSKÜP
National Institution TURKISH THEATRE - SKOPJE

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ТУРСКИ ТЕАТАР
Бр. 05-721/1
21.03.2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
СКОПЈЕ
Примено 22.03.2018

До ВЛАДА НА Р. МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО за КУЛТУРА
**- меѓународна соработка**

**Предмет : Наративен извештај кон годишениот финансиски извештај за реализираната Проект програма на НУ Турски Театар 2017 од областа на меѓународна соработка**

Почитувани,

Во прилог на овој наративен допис Ви го доставуваме и годишниот финансиски извештај за работата на НУ Турски Театар за 2017 од областа на меѓународна соработка.

Театарската сезона 2017 г. НУ Турски Театар ја реализираше по планираните активности според усвоената Проект Програна за 2017 г.

Претставата ОТЕЛО од В.ШЕКСПИР, во режија на Дејан ПРОЈКОВСКИ премиерно беше изведена на 24. 01. 2017.
Поради својата комплексност, премиерата на овој проект беше пролонгирана и беше изведена кога целосно беше технички и уметнички заокружена.
Овој проект во целост ги исполни продукциските очекувања бидејќи е моќна хит претстава која публиката ја прифати а и театарската критика се изрази мошне позитивно. Ве известуваме дека оваа претстава беше поканета и изведена на неколку домашни и меѓународни фестивали.

Детскиот проект ХАЛИФОТ ШТРК работена според делата на Вилхелм ХАУФ во драматизација и режија на Дарко КОВАЧОВСКИ премиерно беше изведена на 30.05.2017. Со особено задоволство ве информираме дека генералната проба, премиерата, репризата и наредните претстави беа проследеи од љубопитни и задоволни деца така што уверени сме дека и овој проект во целост ќе ја покрие нашата таргет публика и ќе ги исполни нашите цели. И во есенскиот дел на сезоната 2017 оваа претстава си има свија верна публика.

Ве информираме дека на почетокот на април 2017 г. НУ Турски Театар започна со подготвките на Шекспировиот КРАЛ ЛИР во режија на Диего Де БРЕА чија премиера беше изведена на 30.07.2017 г. на 57. ОХРИДСКО ЛЕТО.

ул Никола Мартиновски 41, 1 000 Скопје, Македонија - https://m.facebook.com/uskupturktiyatrosu
e-mail turskiteatar@t.mk/http://turskiteatar.mk/>Tel/fax:389 0232 06 581/mob 071 25 83 71

Мора да се назначи дека на задачата вршител на должност директор на НУ Турски Театар бев назначен на 24 јули 2017 год. Во тој момент во тек беа пробите на проектот КРАЛ ЛИР од В. ШЕКСПИР во режија на Диего Де БРЕА, чија фестивалска премиера беше закажана да се изведена на 57. ОХРИДСКО ЛЕТО.

Завршните проби течеа со усталеното темпо и со потполн ангажман на актерскит тим на ансаблот на Театарот.

Фестивалска премиера беше изведена на 30.07.2017 г. во рамките на драмската програма во Центарот за култура „Григор Прличев". Оваа забележително добра изведба наиде на исклучиво добри коментари од фестивалската публика како и позитивни статии и рецензии на медиумите.

Во ваква пријатна атмосвера, ансамблот замина на заслужениот годишен одмор.

Скопската премиера на КРАЛ ЛИР беше изведена на 22.11.2017 на сцената на Театар Комедија пред преполн аудиториум кој на крајот од претставата ја награди екипата со долг и срдечен аплауз. Преку овој проект нашиот ансамбл уште еднаш ја докажа својата виртуозноаст донесувајќи го на сцена овој шекспиров текст на невообичаен и автентичен начин, како што умеат само режисерот и нашите актери.

Реализацијата на нашиот трет проект СРЕЌНА НОВА ГОДИНА во режија на Бојан ТРИФУНОВСКИ а работена по мотиви од Даниил ХАРМС и Дејвид АЈВС започна во ноември 2017 г. Пробите на овој проект течеа со потполн ангажман на целата екипа, но за жал, поради усогласување на работата на другите два театри кои ја користат сцената на Театар Комедија моравме да ја пролонгираме нашата премиера.

Поради габаритните сценографии на другите два проекти и целодневните ангажмани на ансамблите на сцената, ние за жал немавме пристап на сцената се до премиерата на НУ Албански театар. Според програмата во таа ситуација ние сцената ја имавме само еден ден. Од овие причини од една страна, а поради комплексноста на самиот проект, премиера на СРЕЌНА НОВА ГОДИНА беше изведена на 11.01.2018.

Премиерната публика, а и гледачите на репризата ги наградија актерите со долги аплаузи, а коментарите беа многу позитивни. Премиерата на СРЕЌНА НОВА ГОДИНА беше медиумски покриена како од пишаните така и од електронските медиуми.

Оваа претставта ќе се вклопи во репертоарската политика и во потполност ќе ги исполни постпродукциските очекувања со бравурозната игра и ангажман на актерскиот тим.

**Учество на фестивали во странство во 2017**

НУ Турски Театар со претставата ОТЕЛО настапи на 25. меѓународен театарски фестивал „ВАРНЕНСКО ЛЕТО" Варна, Р. Бугарија на 08.06.2017г. претставата беше одиграна двапати и беше проследна со особен интерес како на фестивалската публика така и од страната на медиумите.

НУ Турски Театар на 44. Интернационалиот фестивал на алтернативен и нов театар ИНФАНТ во Нови Сад, Србија на 29.06.2017 ја изведе претставата ОТЕЛО од Вилијам ШЕКСПИР во режија на Дејан ПРОЈКОВСКИ. Изведбата имаше одличен одзив кај публиката и критичката јавност.

**Со одлука на жирито** „ Наградата за нај оргинално истражување на еден сегмент од театарскиот јазик се доделува на претставата ОТЕЛО на Турскиот театар од Скопје (Македонија). Наградата се доделува едногласно."

Понатаму во образложението стои: „Претставата ОТЕЛО на иновативен начин преточува едно класично дело во театарски експеримент. Најважниот сегмент на претставата е употребата на водата, која од успешно сценографско решение се издигнува до повеќеслојна симболика, ефектен режиски пристап, ја стимулира актерската експресивност и воспоставува комуникација со публиката." (http://www.infant.rs/nagrade )

По покана на советот на Фестивалот, претставата ОТЕЛО беше изведена на 1. Интернационален театарски фестивал на малцински театари SYNERGY во Нови Сад, Србија на 05.10.2017.

За изведбата на фестивалскиот ОТЕЛО медиумите мошне позитивно пишуваа. Мора да се издвоји рецензијата за Фестивалот на Ирена Урбич под наслов „Фестивал за тоа дека помалку е повеќе" во која таа пишува за значењето овој фестивал на малцинските јазици. Под поднасловот „... Turki iz Makedonije" со особено пофални зборови пишува за моќта на актерите нашата претстава:

„Отело од Турскиот народен театар во Скопје (Македонија), во режија на Дејан Пројковски, е моќна, захтевна и предизвикувачка претстава во која актери се борат во базен со вода, што е многу "физички" настап. Таа е сведена на три клучни протагонисти и го става текстот на Шекспир во психолошки рамки на главните ликови и расплетот на крвавата драма." (https://www.primorske.si /2017/11/03/ festival-o-tem,-da-je-manj-vec )

Во рамките на фестивалот SYNERGY, на 04.10.2017 г. во Матицата Српска во Нови сад беше одржан и Симпозиум за малцинските театри на кој учествуваше и в.д. директорот Наџи Шабан.

По покана на градоначалникот С. Јаѓџи и селекторот на 12. Меѓународен Театарски Фестивал во Билеџик, Р. Турција на 30.11.2017 ја одира претставата ОТЕЛО. Нашата изведба на сцената на Конгресниот центар беше дочекана со воодушевувачки аплаузи и реакции како на публиката така и на театарската јавност.

Со почит,

НУ Турски театар Скопје
в.д. Директор

Наџи ШАБАН

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме и годишниот финансиски извештај за работата на НУ Турски Театар за 2017.

**Образец за извештај за реализиран проект**
**во областа на меѓународната соработка**

Овој дел се пополнува по реализацијата на проектот

| | |
|---|---|
| **Име / Назив на носител на проектот** | Н.У.Турски Театар |
| Лице одговорно за проектот | Наџи Шабан |
| адреса | ул. Никола Мартиновски бр.41 |
| телефон/е-адреса | 02/ 32 96 581 /071 25 83 71/ turskiteatar@t.mk |
| | |
| **Наслов на проектот:** | **ОТЕЛО**<br>**25. Меѓународен Театарски Фестивал „ВАРНЕНСКО ЛЕТО"** |
| **Држава и период на реализација:** | Варна, Р.Бугарија / 08.06.2017 |
| **Проектот е од областа на (заокружи)** | **- МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ**<br>- билатералната соработка<br>-Македонски културен центар - Њу Јорк<br>-Културно – информативен центар - Софија<br>- мултилатералната соработка<br>-УНЕСКО и други меѓународни организации<br>-евроинтеграциските процеси во културниот сектор и културните политики<br>-Програма Култура 2007-2013 (поддршка на проектите кои се веќе одобрени од страна на Европскиот парламент) |
| **Дејност на проектот (заокружи)** | -заштита на културно наследство<br>-библиотечна дејност<br>-музејска дејност<br>-издавачка дејност и литература<br>-аудиовизуелна дејност и заштита<br>- музичка и музичко-сценска дејност<br>-традиционална фолклорна уметност (дејност)<br>**-драмска дејност**<br>-ликовна уметност и галериска дејност |
| **Број на ангажирани лица во реализацијата на проектот** | 22 |
| **Реализирани цели и ефекти на проектот** | Настап на меѓународен фестивал по покана на Селекторот |
| Краток наративен опис на реализираниот проект | Претставата беше успешно **одиграна 2 пати** на сцената на Драмскиот Театар пред преполна сала. Предизвика голем интерес кај публиката и медиумите; беше проследена со долги аплаузи. |
| Добиени награди / признанија | **Ревиален карактер** |
| Медиумска покриеност | Покриен од печатени и електронски и визуелни медиуми |
| Остварени контакти и можни идни партнерства | Контакти за понатамошна соработка, бидејќи фестивалот е традиционален |
| Број на посетители | **120** |

**Структура на приходи**

| Извори на финансирање | средства |
|---|---|
| Министерство за култура | 196,433,00 |
| Локална самоуправа | |
| Сопствено учество | |
| Спонзорства | |
| Донации | |
| Друго | |
| **ВКУПНО** | 196,433,00 |

**Структура на расходи**

| | |
|---|---|
| Патни трошоци (локален и меѓународен транспорт) | |
| Хотелско сместување | |
| Дневници | 152,768,00 |
| Транспорт и осигурување | 13,450,00 |
| Провизија за откуп на евра | 3,676,00 |
| Изработка и печатење на пропаганден материјал | |
| Авторски и други надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот | |
| Административни трошоци (канцелариски материјали и комуникациски трошоци) | |
| Други трошоци наведени по намени: | |
| -костимографија | 6,501,00 |
| -реквизита | 1,156,00 |
| -сценографија | 18,320,00 |
| -маркетинг | 562,00 |
| | |
| ВКУПНО: | 196,433,00 |

Подготви

Весна Настовска
Мухамед Бакиовск

Раководно лице

НУ Турски театар Скопје
в.д. Директор
Наџи ШАБАН

М.П.

**Образец за извештај за реализиран проект**
**во областа на меѓународната соработка**

Овој дел се пополнува по реализацијата на проектот

| | |
|---|---|
| **Име / Назив на носител на проектот** | Н.У.Турски Театар |
| Лице одговорно за проектот | Наџи ШАБАН |
| адреса | ул. Никола Мартиновски бр.41 |
| телефон/е-адреса | 02/ 32 96 581 /071 25 83 71/ turskiteatar@t.mk |
| | |
| **Наслов на проектот:** | * 1 **ИНФАНТ - ОТЕЛО**<br>Нови Сад, Р.Србија / 29.06.2017<br><br>** 1 **Synergy Интернационален Театарски Фестивал на Малцински Театари - ОТЕЛО**<br>Нови Сад, Р.Србија / 05. 10. 2017 |
| **Држава и период на реализација:** | |
| **Проектот е од областа на (заокружи)** | **- МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ**<br>- билатералната соработка<br>-Македонски културен центар - Њу Јорк<br>-Културно – информативен центар - Софија<br>- мултилатералната соработка<br>-УНЕСКО и други меѓународни организации<br>-евроинтеграциските процеси во културниот сектор и културните политики<br>-Програма Култура 2007-2013 (поддршка на проектите кои се веќе одобрени од страна на Европскиот парламент) |
| **Дејност на проектот (заокружи)** | -заштита на културно наследство<br>-библиотечна дејност<br>-музејска дејност<br>-издавачка дејност и литература<br>-аудиовизуелна дејност и заштита<br>- музичка и музичко-сценска дејност<br>-традиционална фолклорна уметност (дејност)<br>**-драмска дејност**<br>-ликовна уметност и галериска дејност |
| **Број на ангажирани лица во реализацијата на проектот** | 23 |
| **Реализирани цели и ефекти на проектот** | Настап на меѓународен фестивал по покана на Селекторот |
| Краток наративен опис на реализираниот проект | |
| Добиени награди / признанија | **44. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА АЛТЕРНАТИВЕН И НОВ ТЕАТАР ИНФАНТ**<br>29.06.2017<br>Со одлука на жирито на Фестивалот на претставата ОТЕЛО и беше едногласно доделена Наградата за нај оргинално истражување на еден сегмент од театарскиот јазик. |

| | |
|---|---|
| | |
| Медиумска покриеност | |
| Остварени контакти и можни идни партнерства | |
| Број на посетители | |

**Структура на приходи**

| Извори на финансирање | средства |
|---|---|
| Министерство за култура | 213,113,00 |
| Локална самоуправа | |
| Сопствено учество | |
| Спонзорства | |
| Донации | |
| Друго | |
| **ВКУПНО** | 213,113,00 |

**Структура на расходи**

| | |
|---|---|
| Патни трошоци (локален и меѓународен транспорт) | 89,601,00 |
| Хотелско сместување | |
| Дневници | 100,898,00 |
| Транспорт и осигурување | 5,482,00 |
| Провизија за откуп на евра | 2,503,00 |
| Изработка и печатење на пропаганден материјал | |
| Авторски и други надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот | |
| Административни трошоци (канцелариски материјали и комуникациски трошоци) | |
| Други трошоци наведени по намени: | |
| -костимографија | 2,300,00 |
| -реквизита | 2,086,00 |
| -сценографија | 4,705,00 |
| -шминка | 1,259,00 |
| -маркетинг | 1,950,00 |
| -репрезентација | 2,329,00 |
| | |
| | |
| ВКУПНО: | 213,113,00 |

Подготви

Весна Настовска
Мухамед Бакиовск

Раководно лице

НУ Турски театар Скопје
в.д. Директор
Нафи ШАБАН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ТУРСКИ ТЕАТАР СКОПЈЕ

М.П.

## Образец за извештај за реализиран проект
## во областа на меѓународната соработка

Овој дел се пополнува по реализацијата на проектот

| | |
|---|---|
| **Име / Назив на носител на проектот** | Н.У.Турски Театар |
| Лице одговорно за проектот | Наџи ШАБАН |
| адреса | ул. Никола Мартиновски бр.41 |
| телефон/е-адреса | 02/ 32 96 581 /071 25 83 71/ turskiteatar@t.mk |
| | |
| **Наслов на проектот:** | **ОТЕЛО**<br>**12. Меѓународен Театарски Фестивал во Билеџик, Р. Турција** |
| **Држава и период на реализација:** | Билеџик,Р.Турција / 30.11.2017 |
| **Проектот е од областа на (заокружи)** | **- МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ**<br>- билатералната соработка<br>-Македонски културен центар - Њу Јорк<br>-Културно – информативен центар - Софија<br>- мултилатералната соработка<br>-УНЕСКО и други меѓународни организации<br>-евроинтеграциските процеси во културниот сектор и културните политики<br>-Програма Култура 2007-2013 (поддршка на проектите кои се веќе одобрени од страна на Европскиот парламент) |
| **Дејност на проектот (заокружи)** | -заштита на културно наследство<br>-библиотечна дејност<br>-музејска дејност<br>-издавачка дејност и литература<br>-аудиовизуелна дејност и заштита<br>- музичка и музичко-сценска дејност<br>-традиционална фолклорна уметност (дејност)<br>**-драмска дејност**<br>-ликовна уметност и галериска дејност |
| **Број на ангажирани лица во реализацијата на проектот** | 23 |
| **Реализирани цели и ефекти на проектот** | Настап на меѓународен фестивал по покана на организаторите |
| Краток наративен опис на реализираниот проект | Претставата беше успешно одиграна на сцената на Шеик Едебали Конгресениот центар пред преполна сала. Предизвика голем интерес кај публиката и беше проследена од медиумите; незаборавон долги аплаузи и позитивни мислења на публиката. |
| Добиени награди / признанија | **Ревиален карактер** |
| Медиумска покриеност | Покриен од печатени и електронски и визуелни медиуми |
| Остварени контакти и можни идни партнерства | Контакти за понатамошна соработка, бидејќи фестивалот е традиционален |
| Број на посетители | **800** |

**Структура на приходи**

| Извори на финансирање | средства |
|---|---|
| Министерство за култура | |
| Локална самоуправа | |
| Сопствено учество | |
| Спонзорства | |
| Донации | |
| Друго | |
| **ВКУПНО** | 87.523,00 |

**Структура на расходи**

| | |
|---|---|
| Патни трошоци (локален и меѓународен транспорт) | |
| Хотелско сместување | |
| Дневници | 59,698,00 |
| Транспорт и осигурување | 5,416,00 |
| Провизија за откуп на евра | 1,554,00 |
| Изработка и печатење на пропаганден материјал | |
| Авторски и други надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот | |
| Административни трошоци (канцелариски материјали и комуникациски трошоци) | |
| Други трошоци наведени по намени: | |
| -костимографија | 5,551,00 |
| -реквизита | 4,040,00 |
| -шминка | 486,00 |
| -сценографија | 9.477.00 |
| -маркетинг | 1,301,00 |
| | |
| ВКУПНО: | 87,523,00 |

Подготви

Весна Настовска
Мухамед Бакиовски

Раководно лице

М.П.